28316

ИЗЛОЖБИ

# ТАПИСЕРИИ И КОСТИМОГРАФИИ

**(ЗА ИЗЛОЖБАТА НА РАДА ПЕТРОВА — МАЛКИЌ)**

**Рада Петрова — Малкиќ** на оваа изложба ни се претставува и како одличен костимограф, но и како превосходен таписерист, давајќи голем придонес во развојот на овие две уметнички дисциплини кај нас, во нашата Република, каде што отсекогаш се чувствуваше, во споредба со другите уметнички дисциплини, извесен недостиг, како на творечки, така и на критичко-есеистички план. **Гледајќи ги сега нејзините остварувања, со право можеме да зборуваме за наша, македонска таписериска и костимографска уметност.**

И во едната и во другата дисциплина значајно е тоа дека авторот поседува, како нужна претходница, солидно познавање на ликовните и техничките прерогативи, познавање и почитување на елементарните изразни средства: цртежот, бојата и композицијата. Како и кај секој добар автор, и кај Рада Петрова — Малкиќ забележуваме успешно единство на тие три елементи, што нуди несомнен резултат. Во тоа секако ѝ помогнале добрите стручни подготовки прво Средната уметничка школа, кај нашите сликарски доајени **Мартиноски**, **Личеноски** и **Коцоман**, а потоа и усовршувањето на техничкото и ликовното знаење во класата на професорите **Крсто и Бранка Хегедушиќ.**

Фрапантна е бројката на реализираните костимографски проекти на Рада Петрова — Малкиќ (околу 400) во Македонскиот народен театар во Скопје, како и во повеќе други реномирани театарски куќи во земјата и странство (на пример, во Полска и Чехословачка); се разбира во таа бројка влегуваат и остварувањата за телевизиски серии, за телевизиски драми, модни ревии и уметнички филмови. Развојот на нашата костимографска уметност не може да се замисли без нејзината долгогодишна работа и без нејзините успеси, не само на републички, туку и на југословенски план, за што сведочат и бројните награди и признанија, како што е на пример, „Стеријната награда“ за најдобра костимографија на XXI Стеријно позорје во Нови Сад.

Додека во своите костимографски обликувања е неизбежно врзана за извесни сценски и режисерски концепции, во кои треба функционално да се вклопи и да ја дополни визуелната претстава за делото што се изведува, дотогаш, во своите таписерии може да ги покаже сите индивидуални творечки способности, култивиран осет на хроматски соодноси, како и чувство за релјефно чувствување на предметите, а со помошта на нумизматички и други апликации, како што е дрвото, да постигне впечатливи ефекти на материјализација, топлина и поетизам. **Се разбира, таквите постапки што ја приближуваат нејзината таписерија до модерните тенденции на костимографијата, не ја оддалечуваат од богатите фолклорни извори, напротив, паралелно ѝ помагаат да ги реафирмира посоодветно тие вредности од нашето фолклорно наследство** (на пример, употребата на пафтите).

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

**ВЕЧЕР** ☆ **24 ноември 1981 година**

5717. 12.